ПРЕДЛОГ-ЧАСОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
НА СОДРЖИНИТЕ ОД ПОДРАЧЈЕТО

# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА

ВО III ОДДЕЛЕНИЕ



III ОДДЕЛЕНИЕ

# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА



**МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА ВО ОДДЕЛЕНСКАТА НАСТАВА**

**- Прирачник за наставници за III одделение -**

| | |
|---|---|
| **Издавачи:** | Македонски институт за медиуми<br>Ул. „Јуриј Гагарин", 17/1-1<br>1000 Скопје, С. Македонија<br><br>Биро за развој на образованието<br>У. „Руѓер Бошковиќ", бр. 20<br>1000 Скопје, С. Македонија |
| **Уредници:** | Митко Чешларов<br>Ајше Ајрулаи |
| **Автори:** | Марина Димитриева-Ѓорѓиевска<br>Оливера Тодороска<br>Митко Чешларов<br>Ајше Ајрулаи |
| **Стручна редакција:** | Михајло Лахтов<br>Весна Никодиноска |
| **Лектура:** | Виолета Караџовска-Стојанова |
| **Дизајн и техничка обработка:** | Кома дизајн |

Прирачникот е изработен во рамки на Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат" што го спроведуваат ИРЕКС и локалните партнери Македонскиот институт за медиуми, Институтот за комуникациски студии и Младинскиот образовен форум, а во соработка со Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука.

Поддршката за подготовка на прирачникот е обезбедена од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината на прирачникот е одговорност на ИРЕКС и на Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и не ги изразува ставовите на УСАИД или Владата на Соединетите Американски Држави.

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

IREX



# Вовед

Денес, во време на „новата медиумска реалност", кога младите секојдневно се изложени на огромен број информации, преку традиционалните, а особено преку дигиталните медиумски платформи и технологии, неопходно е, преку образованието, во училиштето, тие да стекнат знаења и вештини за критичко преиспитување на медиумските содржини. Потребно е учениците да можат да го разграничат „главното и споредното" во сè што читаат, слушаат или гледаат, да ги препознаат елементите на пропагандата или скриените рекламни пораки, да го препознаат имплицитниот и експлицитниот говор на омраза. Преку наставата учениците треба да се оспособат на ефективно користење на информациите и на медиумските содржини и платформи, а преку нивното активно учество на различните социјални медиуми, се очекува тие да дејствуваат одговорно и критички да ѝ пристапуваат на содржината што ја „создаваат".

Во таа насока се воведува образование за медиумска писменост во новите наставни програми со одредени резултати од учење, содржини, стандарди за оценување и примери на активности со чие постигнување и реализација учениците поодговорно ќе им пристапуваат на медиумите, ќе ги анализираат пораките и ќе ги евалуираат информациите до кои доаѓаат, ќе ги користат информациите што ги добиваат преку медиумите и самите ќе креираат медиумски пораки на безбеден и на одговорен начин.

Во наставните програми од прво до петто одделение на основното образование, изучувањето на медиумската писменост е интегрирано во голем број содржини и активности низ различни наставни предмети. Така, во рамките на наставната програма по предметите Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик и Босански јазик е развиено одделно подрачје насловено *Медиумска писменост и медиумска култура.*

За успешно постигнување на резултатите од учењето утврдени во ова подрачје од наставната програма, потребно е да се реализираат квалитетни и креативни активности на часовите, преку кои учениците искуствено ќе „се описменуваат" и ќе учат за медиумите и за нивната улога.

Прирачникот за наставници што реализираат настава по предметите Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик и Босански јазик ќе им помогне на одделенските и на предметните наставници при планирањето и реализирањето на часовите на кои се разработуваат содржините за медиумска писменост и за медиумска култура. Прирачникот е подготвен за да им биде поддршка и инспирација во работата на наставниците за реализирање успешна и креативна настава.

Секој пример за реализација на активности на часовите се однесува на одредена содржина поврзана со соодветните стандарди за оценување од наставната програма што треба да се постигнат преку активностите на часот. Исто така, наведени се и потребната опрема и средствата за изведувањето на активностите за време на часот.

Примерите на часови се развиени преку активности за воведниот, за главниот и за завршниот дел на часот. Целта на воведните активности е да ги активираат предзнаењата на учениците и да ги воведат во содржината. Најчесто се конципирани преку куси истражувања или водење дискусии за да се објаснат или да се „насетат“ поимите што ќе се разработуваат на часот. Во делот што се однесува на активностите од главниот дел на часот, даден е детален опис на активноста/активностите преку која/кои учениците ќе истражуваат и притоа искуствено ќе учат, како и предлог за начинот на организација на работата на учениците во групи или во парови. Главните активности за часовите во прирачникот нудат широк дијапазон на идеи за учење и за креативно дејствување. Завршните активности, пак, се насочени кон изведувањето заклучоци преку спроведени дискусии. Последниот дел од примерите за часовите е рефлексијата во која се понудени прашања за тоа што научиле учениците, резимирање и поврзување на ученото со нивниот секојдневен живот.

Наставниците може да ги користат примерите за реализација на часовите за медиумска писменост од прирачникот како идеја за активности преку кои ќе се постигнат стандардите за оценување при реализација на горенаведените содржини од наставната програма на македонски јазик, албански јазик, турски јазик, српски јазик и босански јазик. Активностите може да се преземат онака како што се дадени, може да се приспособат или да се изменат, односно да се модифицираат во согласност со идеите на наставникот, потребите и интересите на учениците и нивното напредување во процесот на учење, расположливите средства за работа, условите во училиштето и сл. Тие претставуваат примери за креативно и за искуствено учење за медиумската писменост според новите наставни програми. Врз основа на овие примери, наставниците лесно може да развијат сценарија за реализација на часовите, во зависност од средината и од условите во кои ја реализираат наставата. Дополнително, интегрираната настава овозможува некои од стандардите и активностите за нивно постигнување да се поврзат и со слични или со сродни содржини опфатени во други предмети.

Се очекува овој прирачник освен што ќе биде поддршка за наставниците при планирањето и реализирањето на наставата, воедно да биде и поттик за уште поголема креативност, мотивираност и ентузијазам во работата.

## III ОДДЕЛЕНИЕ

# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА

Според наставната програма по предметот Македонски јазик за трето одделение, во подрачјето Медиумска писменост и медиумска култура се изучуваат следните:

**Содржини (и поими)**

- Влијание на медиумите (проблематични и поучни информации, манипулативни содржини)
- Користење мобилен телефон (паметен уред, апликации за телефон/паметен уред, икони, емотикони)
- Пребарување на интернет (линкови, клучни зборови, Гугл)
- Креирање едноставни медиумски содржини



На крајот на учебната година, за ова подрачје учениците треба да ги постигнат следните:

**Резултати од учењето**

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:**

1. да наведува примери за да објасни/опише како медиумите влијаат врз корисниците;
2. да објасни како безбедно се користи мобилен телефон за пристап до информации преку апликации;
3. да пребарува и да наоѓа потребни информации на интернет преку користење клучни зборови;
4. да креира едноставни медиумски содржини со поврзување текст со илустрации.

**Ученикот/ученичката ќе развива свесност за:**

1. влијанието на медиумската и дигиталната писменост во секојдневниот живот;
2. безбедно користење на дигиталните уреди и апликации во корисни цели.

# Поимник од областа на медиумската писменост[1]

**Реклама** ↘ Јавно претставување производ, услуга или дејност при што се истакнуваат својствата на рекламираниот производ за да се привлече вниманието на потрошувачите кон него и за да се поттикне неговото набавување/купување. Претставувањето може да биде во вид на слика и текст, во видео или во аудиоформа.

**Интернет** ↘ Светска компјутерска мрежа на електронска врска, која им овозможува на корисниците на персонални компјутери и на други компјутерски уреди, кои се наоѓаат на која било точка на Земјата, да имаат врска еден со друг, да добиваат и да разменуваат текстуална, аудио и визуелна информација.

**Апликација** ↘ Компјутерска или софтверска програма што извршува одредена задача или збир задачи. Може да се користи на различни дигитални уреди.

**Пребарувач** ↘ Специјализирани софтверски системи за пребарување содржини на интернет. Пребарувањето се врши преку внесување текстуален поим или визуелна содржина (фотографија, слика). Резултатите од пребарувањата се прикажуваат во формат на список од врски (линкови) рангирани според бројот посети на дадениот линк.

**Клучни зборови** ↘ Збор, термин или фраза што се значајни/суштински за разбирањето на некој текст, порака или друга содржина.

**Извор на информации** ↘ Некој или нешто што дава информации во вистинско време, кои новинарите ги користат за составување на вестите. Лице, документ, публикација или друг запис подготвен од некоја државна институција или организација. Можат да бидат физички и хумани. Физички извори се: соопштенија, документи, билтени, извештаи, делови од весници, писма, досиеја, книги, видеа и сл. Хумани извори се: службени лица, политичари, портпароли, судии, полицајци, синдикални службеници, претставници на компании и организации, сведоци на злосторства, на несреќи или луѓе учесници во други настани.

Изворите можат да бидат примарни и секундарни. Примарни се оние што ја имаат информацијата од прва рака. Тие можат да бидат учесници во настани, жртви или сведоци.

1 Повеќето термини вклучени во овој Поимник се усогласени со Речникот на медиумската писменост што го подготви Институтот за комуникациски студии (2023), како и со „Прирачникот за обучувачи за медиумска писменост: Учиме да распознаваме“ подготвен во рамките на Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“.

ПРЕДЛОГ-ЧАСОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОДРЖИНИТЕ ОД ПОДРАЧЈЕТО

# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА

ВО III ОДДЕЛЕНИЕ



# ВЛИЈАНИЕТО НА МЕДИУМИТЕ

(4 часа)



**Час 1**

*Влијанието на медиумите – проблематични и поучни информации*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- прави разлика помеѓу проблематични и поучни информации во медиумските содржини.

**Ресурси за часот:**

- табла (или паметна табла);
- маркери;
- листови хартија;
- илустрации;
- интернет-пристап;
- картончиња во боја;
- филм.

# Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Што може да се научи од цртаните филмови?*
*(реализација 10 минути)*

Учениците проследуваат инсерти/илустрации од цртаниот филм „Том и Џери“ и објаснуваат:

- Што е претставено на секој/а од нив?

Учениците дискутираат кои од прикажаните илустрации претставуваат поучни ситуации, а кои се проблематични.

# Главен дел од часот

**1 Активност**

*Поучни и проблематични информации и ситуации*
*(реализација 20 минути)*

Наставникот ги прашува учениците:

- Кои други цртани филмови ги гледате?
- Можете ли да се сетите или да издвоите некоја поучна ситуација од некој цртан филм?
- Можете ли да се сетите на некоја проблематична ситуација од некој цртан филм?

Учениците поделени во групи дискутираат за цртаните филмови што ги гледаат и одговараат на прашањата што ги посочи наставникот. Врз основа на одговорите треба да наведат неколку примери на убаво и добро однесување (поучна ситуација/информација) што ги забележале во цртаниот филм (на пример, другарување, помагање, почитување и сл.) и неколку примери на непримерно однесување (проблематична ситуација/информација) што ги забележале во цртаниот филм (на пример, тепање, туркање, надитрување). Еден ученик од секоја група ги презентира одговорите.

Во текот на презентирањето на секоја група, наставникот издвојува по еден-два примери и забележува/распределува ситуации/информации на таблата во вид на Т-табела (Прилог 1).

Врз основа на информациите претставени во Т-табелата, со учениците се дискутира:

- Кога дадените информации се сметаат за проблематични, а кога за поучни?
- Кои би биле последиците доколку истите ситуации се случуваат во реалноста?

Потоа, учениците дискутираат:

- Дали било лесно да се погоди која ситуација/медиумска содржина е поучна, односно проблематична?
- Кои информации помогнале во идентификувањето на видовите информации (поучна или проблематична) и кои информации биле клучни во определувањето?
- Како влијаат поучните информации врз нив, а како проблематичните?

На крај, заеднички резимираат дека една од улогите на медиумите е да едуцираат, односно да нѐ учат на различни работи. Затоа, многу е важно да препознаваат поучни и проблематични медиумски содржини и да се прави разлика меѓу однесувањето и дејствувањето на ликовите во филмовите и однесувањето на луѓето во секојдневниот живот.

# Завршен дел од часот

**1 Активност**

*Споделување (реализација 10 минути)*

Се прикажуваат медиумски содржини со поучна и со проблематична содржина (Прилог 2) и од учениците се бара да кренат зелено или црвено картонче (зелено ако е поучна, а црвено ако е проблематична) и да образложат зошто мислат така. Потоа одговараат на поставените прашања:

- Како може да влијае проблематична ситуација прикажана во филм во реалноста доколку кон неа не се пристапи критички?
- Како може да влијае поучна информација прикажана во филм во реалноста?

**Рефлексија**

- Што научивте на денешниот час?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

## 1 Прилог

**Т-табела**

| Примерно однесување – Поучна ситуација/ информација | Непримерно однесување – Проблематична ситуација/ информација |
|---|---|
| | |



## 2 Прилог

**Медиумски содржини (извадоци од цртани филмови, стрипови, реклами)**

Божиќна реклама (видеореклама): https://www.fakulteti.mk/news/12112020/dizni-objavi-emotivna-bozhikjna-reklama-za-humanitarni-celi

„Том и Џери" (цртан филм): https://www.youtube.com/watch?v=Nl1EymyDMnI
„Снежана и седумте џуџиња" (постер):
https://www.google.com/search?q=snowhite&tbm=isch&chips=q:snowhite,online_chips:dwarfs+1937:EX1g47p2XAM%3D&hl=mk&sa=X&ved=2ahUKEwj9x67SoI-AAxXZhaQKHSeECCkQ4lYoA3oECAEQLg&biw=1903&bih=892#imgrc=liFCCw1EjX5VEM

„Сказните на Биби" (цртан филм): https://www.youtube.com/watch?v=VDKkbbJBgUU

Час 2

*Влијанието на медиумите врз емоциите на корисниците*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- објаснува (преку примери) како содржините во медиумите влијаат врз емоциите на корисниците.

**Ресурси за часот:**

- табла (или паметна табла);
- маркери;
- боички;
- листови хартија;
- голем лист со залепена илустрација;
- пристап на интернет;
- картички со недовршени искази.

# Воведен дел од часот

1 **Активност**

*Погоди како се чувствувам (реализација 10 минути)*

Учениците се делат во групи и секоја група добива по еден голем лист со залепена илустрација на средина. На секоја илустрација е изразена по една емоција: радост, гнев, страв, тага, одвратност (гадење), воодушевување (Прилог 1). Учениците во секоја група заедно смислуваат конкретни ситуации/настани што би можеле да ја предизвикаат таа емоција и ги запишуваат идеите во празниот простор околу илустрацијата (на пример, радост – нов велосипед, сладолед; страв – темница, грмотевица). Претставник од секоја група ја презентира емоцијата пред другите групи, наведувајќи ги примерите што би можеле да ја предизвикаат таа емоција.

# Главен дел на часот

1 **Активност**

*Медиумските содржини предизвикуваат емоции (реализација 20 минути)*

Учениците гледаат неколку илустрации со изразени емоции (на пример, дете што плаче по изгубеното милениче, дете изгубено во шума, дете што дува свеќички за роденден, дете што се гушка со родителите – Прилог 2), и по секој инсерт/илустрација кажуваат кои емоции се прикажани. Учениците заедно со наставникот дискутираат што предизвикуваат емоциите кај луѓето, како ги поттикнуваат да се однесуваат и што да прават.

Секоја група влече ливче на кое е напишана една емоција (на пример, радост, тага, страв, воодушевување). Нивна задача е да посочат медиумски содржини (цртан филм, игран филм, детска серија, песна, видеоклип) што предизвикале таква емоција кај нив. Откако сите групи ќе ги споделат своите искуства, преку отворена дискусија се заклучува дека повеќето медиумски содржини се креирани за да предизвикаат емоции кај корисниците. На тој начин го предизвикуваат и интересот кај публиката, што е една од причините зошто луѓето сакаат да гледаат телевизија или видеа на интернет.

# Завршен дел од часот

**1** **Активност**

*Вежба – Недовршени искази (реализација 10 минути)*

Учениците работат во двојки. Секој пар влече картичка со недовршени искази (Прилог 3). Исказот од картичката го дополнуваат двата ученика, давајќи пример кога некоја медиумска содржина влијаела врз нивните емоции и како. Дополнително, секоја двојка ученици може да направи цртеж и да ја илустрира емоцијата што е наведена на картичката.

**Рефлексија**

- Што научивте на денешниот час?
- Каде ќе ви користи во секојдневниот живот?

**1** **Прилог**

**Емоции**



Радост



Гнев (лутина)



Страв



Тага



Одвратност (гадење)



Воодушевување

## Илустрации со изразени емоции

**1.** Дете што плаче по изгубеното милениче[2]



**2.** Дете изгубено в шума[3]



**3.** Дете што дува свеќички за роденден[4]



**4.** Дете што се гушка со родителите[5]





2 Извор: https://www.freepik.com/free-photo/small-kid-playing-hide-seek-closing-her-eyes_10741019.htm#query=kid%20crying&position=3&from_view=search&track=ais

3 Извор: https://www.freepik.com/free-photo/boy-lost-sad-forest_19086616.htm#query=lost%20in%20the%20wood&position=22&from_view=search&track=ais

4 Извор: https://www.freepik.com/free-photo/beautiful-girl-blowing-candles-cake_1957417.htm#query=kid%20blowing%20candles&position=4&from_view=search&track=ais

5 Извор: https://www.freepik.com/free-photo/happy-team-hugging-field_9590418.htm#query=kid%20huging%20parents&position=4&from_view=search&track=ais

3 Прилог

## Картички со недовршени искази

Се чувствувам среќен/среќна кога:

(Дополни)

Пример: Гледам емисија за летен одмор

Се чувствувам лут/лута кога:

Дополни...

Се чувствувам возбуден/возбудена кога

Дополни...

Се чувствувам исплашен/исплашена кога:

Дополни...

Се чувствувам тажен/тажна кога:

Дополни...

Се чувствувам осамен/осамена кога:

Дополни...

Се чувствувам опуштен/ опуштена кога:

Дополни...

Час 3

# Влијанието на медиумите – Манипулативни содржини во медиумите

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

↘ препознава манипулативни содржини во медиумите.

**Ресурси за часот:**

↘ табла (или паметна табла);
↘ стикери;
↘ маркери;
↘ боички;
↘ листови хартија;
↘ пристап на интернет;
↘ илустрација од реклама.

## Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Точно – неточно (реализација 10 минути)*

Наставникот им покажува неколку фотографии на учениците (од кои некои се изменети со фотошоп), а задача на учениците е да посочат кои фотографии се вистински, а кои се изменети со помош на компјутерски програми (Прилог 1). Низ дискусија треба да посочат кои од фотографиите се вистински, а кои не се, и да објаснат зошто мислат така.

Наставникот објаснува  дека понекогаш се создаваат информации, видеа и фотографии што се лажни или нецелосно точни. Ги поттикнува учениците да размислат кои би можеле да бидат причините за тоа. Заедно заклучуваат дека причините можат да бидат различни: понекогаш станува збор само за шега, но некогаш целта на лагата е поинаква. На пример, причината може да биде повеќе луѓе да ја видат фотографијата или видеото, да се промени нечие мислење, а понекогаш и да се предизвика штета некому.

На крајот заедно констатираат дека не може секогаш да се забележи разликата и да се препознае вистинската и лажната содржина.



## Главен дел од часот

**1 Активност**

*Расипан телефон (реализација 20 минути)*



Учениците седат во круг и ја играат играта „расипан телефон“. Наставникот/наставничката им дава инструкции и насоки како се игра играта. Играта почнува со тоа што наставникот му шепнува на првиот ученик претходно

подготвена реченица што содржи одредена информација. Реченицата е напишана на лист. Ученикот треба да ја пренесе реченицата со шепотење на другарчето до него и така по ред. Последниот ученик треба да ја изговори реченицата гласно. Дополнително, еден ученик добива „тајна“ задача да промени, да додаде или да одземе еден збор во реченицата.

Пример за реченица што може да се користи во играта:

*Петар зеде чаша со вода, чашата му падна и се скрши.*
*(„тајна задача“: зборот ‘зеде’ се заменува со зборот ‘испи’)*

Важно правило е на почетокот на оваа активност да се нагласи дека реченицата треба да се изговара јасно, но сепак со шепотење за да не ја слушне никој друг освен ученикот кому му се шепоти, а тој/таа треба да се обиде добро да ја слушне реченицата за да може да му ја пренесе понатаму на ученикот што седи до него. На крајот се прави споредба помеѓу напишаната реченица и реченицата што ја кажал ученикот кому последен му била пренесена. Учениците констатираат дали има промена во содржината на реченицата. Во текот на дискусијата за содржината на реченицата им се кажува на учениците дека еден од нив намерно сменил еден збор.

Учениците дискутираат за впечатоците по играњето на играта и одговараат на прашањата што ги поставува наставникот:

- Како гласеше реченицата на почетокот, а како на крајот?
- Поради кои причини е сменета содржината на реченицата?
- Поради кои причини луѓето може да ги менуваат пораките?
- Дали некој може да го прави тоа намерно?
- Дали ова може да се случи и во секојдневниот живот?
- Дали секогаш може да веруваме во нешто што други го прераскажале или го напишале?
- Како може да се провери дали е вистина тоа што ќе го слушнеме или ќе го прочитаме?

Учениците и наставникот заклучуваат дека често во секојдневието кога се пренесуваат пораки од  едно до друго лице, пораката може малку или значително да се измени. Причините поради кои тоа се случува, може да бидат затоа што првичната порака ненамерно е згрешена. Можеби не е кажана добро, не е пренесена или не е слушната добро. Од друга страна, некогаш се случува и лицето што ја пренесува намерно или ненамерно да додава нешто во пораката, да нагласува некој дел или да испушта друг дел од неа. Понекогаш некои луѓе намерно создаваат и споделуваат и целосно неточни информации со намера да убедат некого во нешто, да влијаат врз неговото мислење или да наштетат некому.

Учениците и наставникот заклучуваат дека прераскажаните пораки треба да се проверат со изворот на информацијата, затоа што можеби се промениле при пренесувањето.

# Завршен дел од часот

## 1 Активност

*Примери со реклами (реализација 10 минути)*

Наставникот прикажува пример од реклама за некој производ[6] и преку дискусија се заклучува дека медиумските содржини многу често се креираат така што се истакнуваат само некои убави или позитивни особини на тоа што се рекламира.

Учениците во двојки запишуваат по една реклама на стикери во боја (може да биде поврзана со витамини што даваат сила, со детска храна или со пијалаци). Учениците треба да ја проверат содржината на производот што се рекламира за да утврдат дали тој е навистина корисен или здрав за децата како што се тврди во рекламата. Учениците треба да одговорат:

- Дали рекламата за конкретниот производ ги прикажува точно или неточно карактеристиките на производот?
- Дали нешто е изоставено или не е прикажано во објаснувањето?
- Која информација е важна за нашето здравје, а сепак ја нема во рекламата?

## Рефлексија

- Што научивте на денешниот час?
- Што најмногу ви се допадна од активностите на часот?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?



6 На пример, реклама за „кока-кола“: https://www.youtube.com/watch?v=i04jiuaM6uw

1 **Прилог**

## Точно или неточно

Која од следните фотографии е вистинска, а која не е?

### Пример 1





**Одговор:** Првата фотографија не е вистинска и е направена со помош на фотошоп.

### Пример 2







**Одговор:** Третата фотографија е вистинска, а првите две се изменети со помош на компјутерски апликации.

## Пример 3





**Одговор**: Двете фотографии се вистински. Велосипедот во дрвото се наоѓа на островот Вашон во Вашингтон. Според една од легендите, некое момче го оставило велосипедот во 1950 година и заминало засекогаш од островот. Кошот во гранките, пак, се наоѓа во близина на Крива Паланка во Македонија.

## Пример 4





**Одговор:** Првата фотографија е изменета и на мачката ѝ се додадени бели веѓи. Мачката навистина има бели мустаќи.

## Пример 5



**Одговор:** Првата фотографија е изменета со помош на компјутерски апликации.

Час 4

# Влијанието на медиумите – Манипулативни содржини во медиумите

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- препознава манипулативни содржини во медиумите.

**Ресурси за часот:**

- табла (или паметна табла);
- стикери;
- маркери;
- боички;
- листови хартија;
- пристап на интернет;
- картон.

## Воведен дел од часот

### 1 Активност

*Скриени реклами во видеата на Јутјуб (реализација 10 минути)*

Наставникот и учениците гледаат дел од видеото на Јутјуб од познатата страница „Светот на Рајан“, која има повеќе од 35 милиони гледачи.[7] По неколку минути од видеото, наставникот отвора дискусија со следните прашања:

- Кој го направил ова видео?
- Зошто го направил? (Можни одговори: за да нè забавува, за да ни покаже некои играчки.)
- Дали ви се допаѓаат играчките што ги покажува Рајан? Дали би сакале да имате и вие некоја од нив?

Откако учениците ќе ги споделат своите впечатоци за видеото, наставникот објаснува дека тоа, всушност, на скриен начин рекламира некои производи. Тој им објаснува на децата дека семејството на Рајан заработува многу од рекламирањето на Јутјуб и дека голем дел од тоа е преку скриено рекламирање играчки и различни други производи. Затоа, им посочува на учениците дека кога следниот пат ќе гледаат нешто на Јутјуб, да размислат кој го прави и која е причината за тоа видео – дали само да нè забавува или можеби и итро да нè убеди да купиме нешто.

## Главен дел од часот

### 1 Активност

*Донци и Банци (реализација 20 минути)*

Наставникот на табла истакнува два цртежа/илустрации: едниот со насмеан емотикон, а другиот со тажен емотикон (Прилог 1). Учениците се делат во четири групи. Две од групите добиваат лист со следниот текст:

> *„На една планета си живееле Банци и Донци. Банците биле паметни, трудољубиви, гостољубиви и секогаш расположени. За разлика од нив, Донците биле мрзливи, љубоморни, агресивни и секогаш намуртени.“*

7 Извор: https://www.youtube.com/watch?v=78UKGeLWZ0M

Другите две групи добиваат текст со следната содржина:

> *„На една планета си живееле Донци и Банци. Донците биле паметни, трудољубиви, гостољубиви и секогаш расположени. За разлика од нив, Банците биле мрзливи, љубоморни, агресивни и секогаш намуртени.“*

Во рамките на секоја група учениците се договараат кој цртеж на таблата го покажува расположението на Донците и на Банците.
Наставникот прашува кој емотикон учениците го поврзуваат со Банците, а кој емотикон со Донците.
Групите заклучуваат дека има разлики, по што секоја група гласно го чита текстот што го добила. Се отвора дискусија по следните прашања:

- ↘ Дали авторот што го напишал текстот за насмеаните Банци и за намуртените Донци, е Банец или Донец?
- ↘ Што мислите – дали Банците или Донците биле позитивно расположени? Од што зависело тоа?
- ↘ Што би се случило доколку се сними филм за Донците и за Банците инспириран од едната верзија, без да се знае другата верзија?
- ↘ Кои ќе им бидат посимпатични на гледачите – Донците или Банците?

# Завршен дел од часот

## 1 Активност

*Кој ја праќа оваа порака? (реализација 10 минути)*

Учениците работат индивидуално, односно го слушаат текстот што наставникот го чита:
„Во нашиот трговски центар денеска ќе пристигне еден од најпознатите фудбалери на денешницата. Првите букви од неговото име и презиме се: Л.М. Првите десетмина што ќе пратат порака на телефонскиот број 077 45643210, ќе имаат можност да се дружат со фудбалерот утре на неговиот тренинг на нашето игралиште.“

По читањето, се отвора дискусија за следните прашања:
- ↘ Што мислите, кој ја пратил пораката?
- ↘ Има ли информација во пораката кој го организира настанот?
- ↘ Има ли информацијата точно време и место за тренингот?
- ↘ Дали ќе пратите порака? Објаснете го својот одговор.

Учениците заклучуваат дека станува збор за манипулативна содржина, бидејќи нема информација за организаторот на настанот, нема наведено точно време и место, ниту, пак, информацијата може да се најде во други медиуми.

### Рефлексија

- Што научивте на денешниот час?
- Што најмногу ви се допадна од активностите на часот?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

# КОРИСТЕЊЕ МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН

(4 часа)



**Час 1**

# Користење на мобилните телефони на безбеден начин

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- наведува апликации на мобилен телефон/паметен уред што се корисни и безбедни за користење.

**Ресурси за часот:**

- табла (или паметна табла);
- боички;
- маркери;
- листови хартија;
- пристап на интернет;
- паметен телефон;
- ножици.

## Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Зошто паметниот телефон го нарекуваме „паметен“? (реализација 10 минути)*

Часот почнува така што наставникот симулира ѕвонење на телефон и демонстрира позитивен пример на телефонски разговор со соговорник (на пример, со колега, со директорот на училиштето, со родител на некој ученик и сл.).

Потоа наставникот почнува разговор со учениците за намената на телефонот и поставува прашања, како на пример:

- Дали знаете за што служи мобилниот телефон?
- Дали го користите во секојдневниот живот за да разговарате со вашите родители и со другарчињата? Колку долго разговарате на телефон?
- Кои зборови ги употребувавте, а се однесуваат на културното и на рационалното користење на телефонот?
- За што друго го користите паметниот телефон?

Наставникот им објаснува на учениците дека постојат одредени правила за културно и за рационално користење на телефонот при разговори, при што го користи сопствениот позитивен пример од почетокот на часот.

Целта на оваа активност е учениците да научат дека примарната улога на телефонот е воспоставување и одржување комуникација. Сепак, со појавата на паметните телефони, тие можат да се користат и за пребарување информации, за барање податоци, за слушање музика, за фотографирање, како и за создавање сопствени содржини. Паметните телефони содржат т.н. апликации што ги овозможуваат сите овие функции.

## Главен дел од часот

**1 Активност**

*Паметни телефони и корисни апликации (реализација 20 минути)*

Наставникот почнува дискусија со учениците:

- Зошто денешните мобилни телефони се нарекуваат паметни телефони? (Очекуван одговор: освен што овозможуваат да се водат телефонски разговори, може и да пренесуваат информации што содржат слики, видеа, текстови).
- Кои други уреди се паметни? (Очекуван одговор: таблети, часовници).

Учениците поделени во три групи (во зависност од бројот на паметни телефони или часовници што наставникот ќе дозволи да се користат), добиваат задача да ги најдат апликациите на мобилните телефони (кои се дел од телефоните и кои не треба дополнително да се инсталираат). Преку овие апликации можат да прочитаат колку е часот, да разговараат по телефон, да праќаат и да примаат пораки, да фотографираат и да снимаат и да ги чуваат направените фотографии/снимки, да користат календар, да ја следат сопствената физичка активност, да слушаат музика и да гледаат видеоснимки и да играат видеоигри. Групите (наизменично) ги презентираат иконите пред своите соученици. Го опишуваат изгледот на иконата и намената на самата апликација.

На крајот, преку дискусија се констатира дека паметните телефони, освен за комуникација, содржат различни апликации што ни го олеснуваат животот: ни кажуваат колку е часот, какво ќе биде времето, ни овозможуваат да слушаме музика или да се фотографираме.

## Завршен дел од часот

**1 Активност**

*Безбедни апликации за паметен телефон (реализација 10 минути)*

Секој ученик добива наставен лист со цртеж на паметен телефон (Прилог 2) и наставен лист со цртежи на икони на апликации што се користат на мобилните телефони (Прилог 1). Учениците добиваат задача да ги обојат иконите, да ги исечат и да ги залепат апликациите на својот цртеж со паметен телефон. Секој ученик презентира и ја кажува намената на апликациите. Изработките се изложуваат на пано поставено на ѕид или на таблата.

**Рефлексија**

- Што научивте на денешниот час?
- Што најмногу ви се допадна од активностите на часот?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

**Апликации што се користат во паметните телефони за комуникација, за информирање, за учење и за забава**



**2** Прилог

**Илустрација од паметен телефон**



Час 2

# Користење мобилен телефон – одговорно и неодговорно однесување

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- ја објаснува (преку пример) разликата меѓу одговорно и неодговорно користење мобилен телефон;
- објаснува (преку пример) зошто лозинката за телефонот не треба да се споделува со другите.

**Ресурси за часот:**

- табла (или паметна табла);
- маркери;
- боички;
- маркери;
- листови хартија;
- пристап на интернет;
- паметен телефон.

## Воведен дел од часот

1 **Активност**

*Несподелување на лозинката на телефонот (реализација 10 минути)*

На учениците им се презентира ситуација во која се злоупотребува туѓ мобилен телефон за праќање несоодветни пораки на други. Наставникот дава пример со една претпоставена ситуација: другарите побарале Иван да им ја каже лозинката од својот мобилен телефон. Иван не сакал да им ја каже лозинката, но откако му ветиле дека нема да ја злоупотребат, тој им ја кажал. По патот од училиштето до дома му го побарале телефонот. Иван го дал без да се посомнева дека ќе биде злоупотребен неговиот телефон за праќање непријатни пораки на други деца.

Учениците, поделени во групи, одговараат на прашањата:

- Зошто Иван им ја дал лозинката на другарите?
- Како другарите му наштетиле на Иван?
- Знаете ли за некој сличен пример?
- Ви се има ли случено вакво нешто слично вам или на ваше другарче?
- Како требало да постапи Иван?
- Како требало да постапат неговите другари?

Откако ќе се споделат одговорите пред сите, преку заедничка дискусија се заклучува дека со откривање на сопствената *лозинка* (ова не важи за родителите, тие секако треба да ја знаат лозинката на своите деца), се нарушува правото на приватност на детето и се овозможува злоупотреба на телефонот, со што може да му се наштети и на самото дете, но и на други деца. Затоа, освен со родителите, лозинката не треба да се споделува со други.

## Главен дел од часот

1 **Активност**

*Одговорно и неодговорно користење на мобилните телефони (реализација 20 минути)*

Учениците поделени во групи добиваат Работен лист 1 со ситуации на вообичаено користење на мобилните телефони, со задача преку дискусија

во групите да идентификуваат кои описи укажуваат на одговорно, а кои на неодговорно користење. Како пример на описи може да послужат следните ситуации:

**(1)** За време на ручекот, Филип чита и пишува пораки на мобилниот телефон.

(Очекуван одговор: Неодговорно/несоодветно)

**(2)** Додека учи, Енис го чува мобилниот телефон надвор од видното поле.

(Очекуван одговор: Одговорно/соодветно)

**(3)** Санела го користи мобилниот телефон за да најде информации што ѝ требаат за да ја напише домашната.

(Очекуван одговор: Одговорно/соодветно)

**(4)** Маја го користи мобилниот телефон секој ден, по три часа и повеќе, за играње видеоигри.

(Очекуван одговор: Неодговорно/несоодветно)

**(5)** Милан скришно чита и пишува пораки на мобилниот телефон за време на часовите.

(Очекуван одговор: Неодговорно/ несоодветно)

За секој опис, групите ги презентираат своите одговори и даваат образложение за своите размислувања.

Во дискусијата што ја води наставникот, се заклучува дека паметните телефони треба да се користат на одговорен начин. Учениците треба да разберат дека паметните телефони може да бидат причина за неодговорно однесување и за создавање навики што го нарушуваат здравјето, со што, меѓу другото, се намалува физичката активност и времето за вистинско другарување.

## Завршен дел од часот

**1 Активност**

*Правила за користење на паметните телефони (реализација 10 минути)*

Откако наставникот ќе посочи неколку примери (Прилог 1), учениците треба сами да смислат „правила“ за безбедно и одговорно користење на паметните телефони. „Правилата“ што учениците ги смислиле, се поставуваат на пано насловено „Користи го твојот паметен телефон безбедно и мудро“.

**Рефлексија**

- Што научивте на денешниот час?
- Што најмногу ви се допадна во активностите?

## Работен лист 1 – Примери за одговорно и за неодговорно однесување

Обележи со √ каде што детето се однесува одговорно или со **X** каде што се однесува неодговорно:

**1.** За време на ручекот, Филип чита и пишува пораки на мобилниот телефон.

**2.** Додека учи, Енис го чува мобилниот телефон надвор од видното поле.

**3.** Санела го користи мобилниот телефон за да најде информации што ѝ требаат за да ја напише домашната.

**4.** Маја го користи мобилниот телефон секој ден, по три часа и повеќе, за играње видеоигри.

**5.** Милан скришно чита и пишува пораки на мобилниот телефон за време на часовите.

## 1 Прилог

**Пример за список на правила – Користи го твојот паметен телефон безбедно и мудро**

- Користи лозинка за отклучување.
- Посетувај безбедни веб-страници.
- Користи безбедни апликации.
- Чувај ја приватноста на телефонот.
- Почитувај ја туѓата приватност.
- Не споделувај навредливи содржини.
- Определи време за користење паметен телефон.

Час 3

# Користење мобилен телефон – Одговорна и неодговорна комуникација

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу одговорна и неодговорна комуникација преку мобилен телефон (преку разговор или пораки).

**Ресурси за часот:**

- табла (или паметна табла);
- стикери;
- флипчарт листови;
- празна кутија од паметен телефон;
- работен лист.

## Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Мои одговорности – мои обврски (реализација 7-8 минути)*

Преку техниката „работа за минута" учениците добиваат задача за една минута да запишат на стикер неколку работи за кои самите се одговорни. На пример, одговорни се да ја избришат таблата, за полевањето на цвеќињата, да го хранат и да го шетаат своето милениче, одговорни се за својата домашна задача, да ја наместат својата соба. Учениците споделувајќи кој за што е одговорен, стануваат свесни за својата улога во секојдневниот живот.

## Главен дел од часот

**1 Активност**

*Што е одговорно, а што е неодговорно однесување (реализација 20 минути)*

Наставникот подготвува листови со описи на одговорни и на неодговорни однесувања. Листовите со описи на однесувања се ставени во кутија, а секој ученик избира по еден лист. Наставникот им дава време да го прочитаат описот на однесувањето, а потоа да дадат свое мислење какво е тоа однесување, одговорно или неодговорно.
Примери за опис на однесувања (Прилог 1):

**(1)** Ана пишува погрдни коментари за други кога мисли дека го заслужиле тоа. (Очекуван одговор: Неодговорно)

**(2)** Анета не споделува доверливи информации за другите преку пораки. (Очекуван одговор: Одговорно)

**(3)** Александар не се смета себеси за виновен доколку на Марко му пратил порака што е навредлива за Иван. (Очекуван одговор: Неодговорно)

**(4)** Арта смета дека може да напише што сака за некој друг доколку не го наведе неговото/нејзиното име во пораката. (Очекуван одговор: Неодговорно)

**(5)** Агим не пишува навредливи работи за другите дури и тогаш кога сака да се шегува со нив. (Очекуван одговор: Одговорно)

**(6)** Атиџе не пишува во порака нешто што не е соодветно да му го каже некому в лице. (Очекуван одговор: Одговорно)

**(7)** Петар не споделува фотографии од другарите што ги има на фотографиите. (Очекуван одговор: Одговорно)

**(8)** Дарија ги објавува видеата од активностите на спортските натпревари без согласност од другите. (Очекуван одговор: Неодговорно)

**(9)** Ева снима видеа заедно со другарчињата и со нивна согласност ги објавува. (Очекуван одговор: Одговорно)

**(10)** Лука ги вклучува другарчињата во групни разговори на месинџер без нивно одобрение. (Очекуван одговор: Неодговорно)

За секој опис учениците ги презентираат своите одговори и објаснуваат зошто одговориле така, а наставникот ги насочува кон аргументи што водат до очекуваниот одговор. Во отворена дискусија се заклучува дека споделувањето пораки што навредуваат и критикуваат некого или содржат доверливи информации за некого, претставува неодговорна комуникација, затоа што го навредува оној на кого се однесува, без оглед на тоа дали пораката ќе стигне до него и/или ќе ја дознаат други на кои не им е наменета.

# Завршен дел од часот

**1 Активност**

*Правила за одговорна комуникација (реализација 7-8 минути)*

Во зависност од тоа колку ученици имаат/користат паметни телефони, наставникот ги дели во групи, од кои една група поставува прашања, а другите даваат одговори.



**Пример 1:**
- Прашање: Дали би сакал некој да ми каже што имаме за домашна?
- Одговор: По Математика задачите на стр. 67, по Македонски јазик да се напише одговор на прашањата за песната од стр. 23.

**Пример 2:**
- Прашање: Еј, има некој број од Матеј од другото одделение?
- Одговор: Пиши ми во приватна порака, ќе ти го дадам.

Како заклучок од активноста извлекуваме важно правило дека треба да се биде одговорен и да се почитува приватноста на другите при секоја комуникација. Особено е важно да се разговара на културен и одговорен начин кога се користи паметниот телефон или кога се разговара преку апликација за комуницирање (Вибер, Снепчет, Тимс).

Заклучокот се пишува на хамер и се истакнува на видно место во училницата.

**Рефлексија**

- Што научивте на денешниот час?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

## 1 Прилог

**Примери за опис на примерно и на непримерно однесување**

**(1)** Ана пишува погрдни коментари за други кога мисли дека го заслужиле тоа.

**(2)** Анета не споделува доверливи информации за другите преку пораки.

**(3)** Александар не се смета себеси за виновен доколку на Марко му пратил порака што е навредлива за Иван.

**(4)** Арта смета дека може да напише што сака за некој друг доколку не го наведе неговото/нејзиното име во пораката.

**(5)** Агим не пишува навредливи работи за другите дури и тогаш кога сака да се шегува со нив.

**(6)** Атиџе не пишува во порака нешто што не е соодветно да му го каже некому в лице.

**(7)** Петар не споделува фотографии од другарите што ги има на фотографиите.

**(8)** Дарија ги објавува видеата од активностите на спортските натпревари без согласност од другите.

**(9)** Ева снима видеа заедно со другарчињата и со нивна согласност ги објавува.

**(10)** Лука без одобрение на другарчињата ги вклучува во групни разговори на месинџер.



Час 4

# Илустрирање текстуална порака

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- Илустрира текстуална порака со соодветен емотикон.

**Ресурси за часот:**

- табла (или паметна табла);
- тетратка;
- хартија во боја;
- пластични чаши;
- работни листови со пораки.

## Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Игра – Моите среќни, тажни и други моменти (реализација 10 минути)*

Учениците преку активноста „Моите среќни, тажни и други моменти“ изработуваат емотикони. На бели листови, по сопствен избор претставуваат лик со одредени емоции: среќен/среќна, тажен/тажна, лут/лута, замислен/замислена, силен/силна....

По цртањето ги бојат ликовите, потоа ги сечат емотиконите и пред другите другарчиња го покажуваат соодветниот емотикон.
Потоа наставникот отвора дискусија во врска со следните прашања:

- Дали можат емотиконите да ни помогнат да објасниме како се чувствуваме?
- Дали ги користиме кога некому нешто му пишуваме или кога праќаме порака?

## Главен дел од часот

**1 Активност**

*Изразување емоции преку емотикони (реализација 20 минути)*

Учениците, поделени во групи, влечат по еден лист на кој се напишани три пораки со различна содржина. Секоја група добива различна порака што укажува на среќа, радост, задоволство (на пример, „Имам нови патики“), тага (на пример, „Жал ми е за твоето маче“), лутина (на пример, „Поради тебе, мене ме искараа“), љубов (на пример, „Многу те сакам“), согласување, поддршка (на пример, „Одлично го направи тоа“), загриженост (на пример, „Уште имаш температура?“) или на шеговита содржина. Секоја група ги запишува пораките на лист хартија или на табла и ги илустрира со соодветен емотикон, а потоа ги чита пред другите ученици. Преку заедничка дискусија се утврдува кои емотикони за каква емоција биле користени и се заклучува дека иста емоција може да се изрази со различни емотикони. Учениците заедно со наставникот разговараат за тоа дека чувствата и доживувањата можат да се претстават преку зборови и преку слики, симболи, емотикони. Учениците објаснуваат дека зборовите најпрецизно и најјасно ги изразуваат чувствата, додека, пак, симболите и илустрациите (во случајов емотиконите) можат да имаат едно значење што им е познато на сите или, пак, да имаат и повеќе значења. Сепак, емотиконите не можат да ги заменат зборовите, а понекогаш може да доведат и до заблуда.

Учениците наведуваат примери кога е посоодветно да се користат емотиконите наместо зборовите (на пример, кога се пишуваат пораки преку Вибер, кога се користат социјални мрежи, кога се пишуваат/цртаат графити на ѕидови, во реклами и во разни ситуации каде што има помалку простор да се соопшти пораката со зборови или кога пораката треба побрзо да се соопшти итн.), а кога емотиконите не смеат да ги заменат зборовите (на пример, во литературата, поезијата, новинарските текстови, во училишните и писмените задачи итн.).

# Завршен дел од часот

**1 Активност**

*Програма за искажување на чувствата (реализација 10 минути)*

Учениците работат во двојки и одбираат по еден емотикон од повеќето различни што претходно ги издвоил наставникот и преку говорот на лицето и на телото го претставуваат тоа чувство. Секој пар презентира пред другите ученици.

Потоа учениците застануваат во круг. Наставникот претставува програма за вежбање од три-четири елементи за вежби на раце (на пример, наставникот е „тренерот по фитнес“, а учениците ги повторуваат неговите движења). На почетокот учениците го коментираат заедно со наставникот/наставничката тоа што го прават, со цел да им се разјасни активноста, а потоа ги имитираат само движењата без да зборуваат.

На крајот во кругот, неколку од учениците доброволно прават своја „програма“ за одредени движења користејќи ги примерите за чувство и за можно движење што го илустрира тоа чувство:

1. Јас сум силен: Застанете на земја со двете стапала одвоени и стегнете го мускулот на едната рака.
2. Страв ми е: Повлечете ги рамената нагоре. Широко отворете ги очите. Ставете ги рацете пред вас во одбранбен став.
3. Јас сум храбар: Застанете на земја со двете стапала одвоени. Грбот ви е исправен. Ставете ги дланките на колковите.
4. Јас сум тажен: Застанете со подгрбавени рамена. Рацете ви висат надолу. Гледате во земја. Направете тажен израз на лицето.
5. Се тешам себеси: Ги ставате рацете околу себе во форма на прегратка.
6. Јас сум среќен: Ги кревате рацете во воздух. Се смеете.
7. Јас сум лут: Удирате со стапалото по земја, зачкрипувате со забите и погледнувате налутено.

**8.** Јас сум многу среќен: Ги кревате рацете во воздух, скокате горе-долу неколкупати.

**9.** Се гордеам со себеси: Се потчукнувате себеси по рамо бидејќи сте направиле нешто добро.

Другите ученици од паралелката со употреба на емотикони за секој демонстриран пример, го посочуваат чувството што го препознаваат.

## Рефлексија

- Што научивте на денешниот час?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

# ИНТЕРНЕТ

(3 часа)

**Час 1**

*Што претставува интернетот?*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- Објаснува (преку пример) што претставува интернетот.

**Ресурси за часот:**

- компјутер;
- интернет-врска;
- табла или паметна табла;
- тетратка;
- стикери;
- маркери;
- хамер;
- фломастери.

# Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Читање краток текст (реализација 10 минути)*

Наставникот чита извадок од дневникот на Иван.

*„Мама влезе во дневната соба и седна на фотељата. Го вклучи телевизорот, немаше ниту една интересна програма, па го зеде телефонот. Сакаше да види нешто на Инстаграм, меѓутоа немаше интернет-врска. Во тој момент влезе и тато. Рече дека му се јавиле од работа и дека итно мора да прати имејл. На лаптопот немаше интернет, а исто така и на телефонот немаше конекција. Брат ми дотрча од својата соба и побара да му го пуштат неговиот омилен цртан филм за кој му ветивме дека ќе му го симнеме од интернет. Настана стресна ситуација. Се јавивме кај нашиот оператор. Каблите биле скинати од невремето што го зафати нашиот град. Ни соопштија дека ќе има интернет дури наутро. Сите во глас извикавме – НАУТРО?!“*

Наставникот и учениците дискутираат во врска со текстот по следните прашања:

- Што мислите, како вашите родители го поминувале слободното време без интернет? Како ги завршувале задачите?
- Дали може да си го замислите животот без интернет? Како ќе изгледа тоа?
- Што мислите, како ќе се исполнуваат секојдневните и работните обврски ако подолго време нема интернет?

# Главен дел од часот

**1 Активност**

*Што претставува интернетот? (реализација 20 минути)*

Наставникот покажува слика (Слика 1) на која има илустрација на интернет-мрежа. Им поставува неколку прашања на учениците во врска со сликите:

- Што гледате на сликата?
- Кои делови од сликата ви се познати?
- Има ли некаква поврзаност помеѓу уредите?
- Како се поврзани меѓусебно?

Секој ученик добива работен лист (Работен лист 1). Наставникот им објаснува на учениците дека на работниот лист има разгрането дрво, а тие треба да

замислат дека дрвото претставува интернет-мрежа. Секој завршеток од гранките на дрвото претставува еден уред (компјутер, телефон, телевизор, таблет, лаптоп) и целата крошна од дрвото може да има илјадници уреди што се поврзани со гранките преку кои „комуницираат едни со други, добиваат и споделуваат информации користејќи разни апликации“.

Учениците добиваат задолжение да ги обојат и да ги искројат цртежите од уредите, а потоа да ги залепат на гранките од дрвото (Прилог 1). На ист начин ги додаваат и апликациите на слободните гранки од дрвото (Прилог 2).

По завршување на активноста, учениците разговараат за тоа што претставува интернетот, за што служи и како се користи. Потоа споделуваат свои искуства од пребарување на интернет, кажуваат дали самите пребарувале или со некој возрасен, што дознале при тоа пребарување и наведуваат примери што уште би сакале да дознаат со пребарување преку интернет.

# Завршен дел од часот

**1 Активност**

*За што се користи интернетот? (реализација 10 минути)*

Наставникот им поставува прашања на учениците: За што друго користат интернет освен за барање информации? Очекувани одговори од учениците се: гледање видеа, играње видеоигри, слушање музика. Доколку учениците не споменат, наставникот посочува дека на интернет има многу корисни информации што можат да се користат и за:

- истражување (видови животни, спортови, планети...);
- комуникација (допишување со другарите и со семејството, споделување информации, видеа или други содржини);
- информирање (може да гледаме ТВ-канали на интернет, да читаме информации кога и каде нешто се случило);
- учење (материјали за различни предмети во училиште, дополнителни информации за учење, туторијали, видеа, илустрирани лекции).

**Рефлексија**

- Што научивте на денешниот час?
- Како може наученото да го користиме и да го примениме во секојдневниот живот?

**1** Слика

**Како изгледа интернет-мрежа?**



## Работен лист 1 – Разгрането дрво како претстава за интернет-мрежа



## 1 Прилог

Дигитални уреди што можат да бидат поврзани на интернет





## 2 Прилог

Апликации што се користат преку интернет



**Час 2**

# *Пребарување на интернет преку клучни зборови*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- Определува клучни зборови во реченици и во куси текстови.

**Ресурси за часот:**

- компјутер;
- интернет-конекција;
- табла или паметна табла;
- тетратка;
- стикери;
- маркери;
- хамер;
- фломастери.

## Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Претставата „Зоки Поки“ ќе се изведе во Ресен (реализација 10 минути)*

Наставникот им чита краток текст на учениците.
„Утре, **среда (27.5.2019)**, во **киносалата** при Домот на културата во Ресен, со почеток во **18:30 часот**, ќе биде одиграна претставата **‘Зоки Поки’** по текст на **Оливера Николова**, а во режија на ресенчанецот и голем драмски работник **Сотир Чаушевски**. Претставата гарантира вистинско уживање за луѓето од сите возрасти, а она што е за истакнување е дека сите актери ќе бидат деца од **5 до 13-годишна** возраст.“

Наставникот поставува прашања по кои учениците треба да почнат дискусија:

- Кои зборови ги запомнивте од текстот?
- Колку зборови запомнивте?

Наставникот ги запишува на таблата клучните зборови што учениците ги посочиле. Потоа, ги прашува учениците дали можат да состават по една реченица со посочените клучни зборови, која ќе биде поврзана со текстот што им беше прочитан. Се читаат неколку реченици пред целата паралелка.



## Главен дел од часот

**1 Активност**

*Идентификување клучни зборови во текст (реализација 20 минути)*

Учениците, поделени во групи, добиваат листови со напишани различни текстови (од еден пасус) на одредена тема (на пример, домашни миленичиња, превозни средства) со задача да ги издвојат најважните зборови на кои се однесува текстот (домашни миленичиња, куче, маче, папагалче, превозно средство, автомобил, авион итн.) (Работен лист 1). Откако секоја група ќе ги прочита одговорите, преку отворена дискусија се заклучува дека издвоените зборови се сметаат за клучни зборови затоа што ја пренесуваат главната информација што ја содржи текстот, односно укажуваат на темата за која се зборува во текстот.

# Завршен дел од часот

**1** **Активност**

*Игра со клучни зборови (реализација 10 минути)*

Учениците поделени во три групи добиваат исти клучни зборови и имаат задача да се договорат на ниво на група која информација ќе ја напишат поврзана со клучните зборови (пример за клучни зборови: временска прогноза, невреме, ветер, обилни врнежи, прекин на струја и интернет, наредните денови, разведрување). Пишуваат на голем лист хартија. Секоја група презентира и заеднички се споредуваат содржините на трите текста дали се слични, исти или различни.

Заклучуваме дека клучните зборови ни помагаат полесно да запомниме што читаме и да ја извлечеме основната порака од содржината што ја читаме, ја гледаме или ја слушаме.

**Рефлексија**

- Што научивте на денешниот час?
- Дали ви беше лесно да ги определите клучните зборови?
- Како може наученото да го користите во секојдневниот живот?

**Работен лист 1**



Учениците имаат задача да ги пронајдат и да ги издвојат клучните зборови во текстот.

**Пример 1 – *Велосипед*[8]**

*Велосипедот спаѓа во превозните средства што го сочинуваат копнениот сообраќај. Велосипедот е возило што човекот го придвижува со помош на педали. Велосипедот има две тркала прикачени на рамка, едно зад друго. Човекот што го вози велосипедот се нарекува велосипедист. Првите велосипеди се појавиле во XIX век и оттогаш се произведени повеќе од една милијарда велосипеди. Велосипедите се возат по посебна патека што се нарекува велосипедска патека. За да управувате безопасно со велосипедот, неопходно е:*

**1.** *Велосипедот да е технички исправен.*

**2.** *Велосипедистот да ги познава правилата на движење и строго да ги почитува.*

**3.** *Да знае добро да управува со велосипедот.*

**4.** *Да носи заштитна опрема (кацига, штитници за раце и за колена).*

---

8 Извор: Детска градинка „Астибо". Достапно на: https://detskagradinkaastibo.mk/%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%BA%D0%BE-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B2%D0%BE%D0%B7%D0%BD%D0%BE-%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE-%D0%BD%D0%B0-%D0%B4%D0%B2%D0%B5-%D1%82%D1%80%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%B0/

**Пример 2 – *Зошто зебрата има пруги?*[9]**

*Многу научници се обидувале да откријат зошто зебрите имаат црно-бели пруги. Тие утврдиле дека со помош на пругите, зебрите се штитат од мувите што пренесуваат паразити и предизвикуваат разни болести. Досега постоеле повеќе различни теории, меѓу кои се мислело дека пругите им помагаат на зебрите за прикривање, дека со нив зебрите ја регулираат телесната температура или дека им служат за препознавање меѓу другите зебри.*

**Пример 3 – *Најнови вести од скопската зоолошка градина: лавицата Акети од Берлин нов жител на скопската зоолошка*[10]**

*Лавица од зоолошката во Берлин е нов жител во скопската зоолошка градина. Дванаесетгодишната лавица Акети стаса во Скопје пред пет дена и веќе се приспособува на условите во скопската зоолошка градина. Сега-засега таа ќе биде сама во своето живеалиште, а за неколку месеци ќе ѝ се придружи лав што треба да стигне од Софија. „Акети одлично се приспособи на новото живеалиште и на своите 300-негуватели“, вели директорот на Зоолошката градина.*

**Пример 4 – *Плашливко***

*Си беше еднаш едно зајче. Сите го викаа „Плашливко“. Зајчето сакаше да биде храбро, но тоа секогаш беше исплашено. Кога имаше невреме и грмотевиците удираа силно, тоа секогаш се криеше кај мајка му. Кога доаѓаа другите зајчиња да го задеваат, тоа со плачење бегаше. Тоа што најмногу го плашеше зајчето беше кога навечер ќе се стемнеше. Тогаш тоа почнуваше да гледа чудовишта и духови насекаде. Една вечер си рече самото: „Веќе не сакам да сум Плашливко! Сакам да сум храбро зајче!“ Оваа одлука го направи многу среќно. Потоа, тоа си рече: „Вечерва ќе останам надвор сосема само. Да, така ќе направам!“ Зајчето ја зеде светилката и замина. Потоа, во шумата стануваше сè потемно и потемно. Одеднаш, зајчето заплака: „Што е ова? Личи на огромно чудовиште!“ Зајчето веднаш ќе избегаше дома, но не сакаше повеќе да биде „плашливко“. За среќа, му текна дека има светилка. „Ќе го видам чудовиштето одблизу“, прошепоти тоа. Потоа, ја вклучи светилката и ја насочи кон чудовиштето. „Оф, тоа воопшто не било чудовиште“, воздивна. Зајчето ја исклучи светилката и продолжи да оди. На небото, месечината излезе од зад голем, темен облак. Месечевата светлина продираше меѓу дрвјата. Малото зајче продолжи да оди сè подалеку и подалеку во шумата додека не дојде до едно езерце. Отстрана имаше илјадници мали камчиња, кои од месечината блескаа како бисери. Малото зајче погледна во водата и во полната месечина што се отсликуваше во водата. „Колку е сè прекрасно!“ си помисли. По некое време тоа замолчи. Одеднаш се исплаши. „Дух, дух!“ почна да плаче. „Има дух во водата! Ме гледа со неговите големи и страшни очи!“ Зајчето за малку не се измочка од страв! Скокна и сакаше веднаш да избега, но виде дека духот исто така скокна. Малото зајче застана и размисли: „Хмм, овој дух од некаде ми е познат“. Тоа ја крена десната шепа. Духот исто така ја крена десната шепа. Потоа, зајчето ги мрдаше своите уши. Духот исто така мрдаше со ушите. На крај, зајчето му го исплази јазикот на духот и направи: „Ббаааа!“. А што направи духот? И тој го исплази јазикот и направи: „Бааaа!“. Тогаш малото зајче почна да се смее! Се смееше и се смееше, и не можеше да престане со смеење. „Ова воопшто не било дух!“ извика. „Ова е мојот одраз во водата! Ова сум јас, малото зајче, пресликано во водата!“ Потоа, уште се смееше. Од толку смеење, тоа почна да скока од една нога на друга. Кога со смеење го истера целиот свој страв, зајчето си отиде дома. Легна во својот кревет и заспа длабоко. Од тој ден, малото зајче стануваше сè похрабро и похрабро, по малку секој ден. Наскоро, никој веќе не го викаше „Плашливко“.*



---

**9** Приспособено од Охридњуз.мк, „Откриено зошто зебрите имаат пруги“. Достапно на: https://www.ohridnews.com/otkrieno-zoshto-zebrite-imaat-prugi/

**10** Приспособено од СДК.мк, „Лавицата Акети од Берлин нов жител на скопската зоолошка“. Достапно на: https://sdk.mk/index.php/dopisna-mrezha/lavitsata-aketi-od-berlin-nov-zhitel-na-skopskata-zooloshka/

**Час 3**

*Пребарување на интернет*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- наоѓа потребна информација на интернет преку пребарување со пребарувач.

**Ресурси за часот:**

- табла (или паметна табла);
- мобилни телефони или други паметни уреди на кои може да се пребарува;
- бели листови;
- прибор за работа.

# Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Како дознаваме нешто повеќе за нашите природни езера и планини (реализација 10 минути)*

Учениците на почетокот од часот дознаваат дека на електронската пошта на училиштето, стигнало писмо од ученик што живее во Италија. Еден од учениците го чита писмото. (Прилог 1).

> *„Здраво драги другарчиња,*
> *Се викам Петар, имам 8 години и сега живеам во Италија. Со моите родители сакаме да дојдеме на одмор покрај езеро или планина во вашата земја. Навистина ќе ни биде од корист доколку ни дадете информација каде би можеле да го поминеме одморот.*
>
> *Однапред многу ви благодарам,*
> *Петар“*

Учениците дискутираат каде може да најдат информации за да му помогнат на Петар? (Одговорите треба да водат кон следниве извори: во книгите, по предметот Општество се учи за убавините на нашата земја, на интернет...) Наставникот ја насочува дискусијата кон пребарување на интернет. Учениците објаснуваат што подразбираат под поимот „пребарување“ и разговараат со наставникот во насока на тоа:

- Дали некој пребарувал нешто на интернет? На кој начин?
- Кои клучни зборови ни се потребни за да дојдеме до посакуваната информација при пребарување на интернет за да му помогнеме на Петар?

Наставникот ги запишува клучните зборови на таблата (Охридско Езеро, Пелистер, каде има плажа во Дојран...).

# Главен дел од часот

**1 Активност**

*Пребарување на интернет преку пребарувачи наменети за деца (реализација 30 минути)*

Почнуваме разговор по дадениве прашања:

- Што се тоа пребарувачи на интернет?
- Знаете ли некои од нив?
- Сте користеле ли пребарувач што е наменет за деца?

Наставникот ги запишува посочените пребарувачи кажани од учениците (доколку кажат) и ги дополнува тие што не се кажани (на пример, www.kidzsearch.com).

Учениците поделени во групи добиваат насоки која група што ќе пребарува за да му помогне на Петар:
1 група – корисни информации за Охридско Езеро
2 група – корисни информации за Преспанско Езеро
3 група – корисни информации за Дојранско Езеро
4 група – корисни информации за Баба Планина – Национален парк Пелистер
5 група – корисни информации за Галичица – Национален парк Галичица
6 група – корисни информации за Бистра – Национален парк Маврово

Учениците имаат задача да определат што сакаат да дознаат и кои клучни зборови треба да ги користат за пребарување на интернет. Наставникот им дава насоки на учениците за пребарување на интернет, а доколку некои од учениците се умешни во тоа, им се дава можност тие да објаснат пред соучениците, но на крај наставникот ги запишува на табла основните чекори на пребарување:

**(1)** се отвора „пребарувачот“ (Google.com, Kidzsearch.com);

**(2)** се внесува точно клучниот збор или комбинација од неколку клучни зборови или кусо прашање во врска со информацијата што сакаат да ја дознаат;

**(3)** се кликнува „барај (search)“ или копчето „enter“ и

**(4)** се отвораат линковите што ги даваат бараните информации;

**(5)** тековно ги запишуваат клучните зборови по кои пребарувале и линковите каде што се најдени интересни информации.

Наставникот покажува пребарување на интернет преку паметната табла по дадените чекори. Секоја група пребарува на интернет користејќи неколку мобилни телефони (со дозвола од наставникот) или други паметни уреди на кои може да се пребарува наменски (таблет), само за конкретниот час. Потоа ги презентираат добиените информации пред другите.

# Завршен дел од часот

## 1 Активност

*Од клучни зборови до потребната информација (реализација 5 минути)*

Во отворена дискусија со целата паралелка се споредуваат клучните зборови, односно кусите прашања што секоја група ги користела при пребарувањето и се утврдува нивната важност за добивање соодветни информации. Претставник од секоја група ја чита кратката информација што ја издвоиле, со цел да му помогнат на Петар и да му посочат кои места да ги посети.

## Рефлексија

- Што научивте на денешниот час?
- Како може наученото да го користите во секојдневниот живот кога сакате да употребите клучни зборови што ќе бидат поврзани со вашата цел или активност?

# КРЕИРАЊЕ МЕДИУМСКИ ПОРАКИ

(2 часа)



Час 1

# *Начини за презентирање информации*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- Користи различни начини за презентирање информации (текст, слика/фотографија, видеосодржини).

**Ресурси за часот:**

- информативни текстови;
- фотографии;
- бели листови;
- прибор.

## Воведен дел од часот

1 **Активност**

*Како се информирам? (реализација 5 минути)*

Учениците дискутираат за тоа како се информирале за нешто или за некое актуелно случување во последните три дена. Притоа, треба да посочат дали виделе видео на интернет или на ТВ, дали виделе фотографија или прочитале некој текст. Одговорите се запишуваат на табла.

## Главен дел од часот

1 **Активност**

*Креирање содржини на одредена тема (реализација 30 минути)*

Учениците, поделени во неколку групи, влечат ливчиња на кои се претставени две содржини – една информација дадена преку текст и друга информација дадена преку слика/фотографија. На пример, на едно ливче може да биде:

(1) напишано дека едно девојче имало црно куче како домашно милениче, а нејзината другарка имала аквариум со рипки. Групата треба да го претстави текстот со слики, фотографии, илустрации и симболи;

(2) прикажана фотографија на деца за време на роденденска прослава. Групата треба да напише кус текст (5 реченици);

(3) Во зависност од темата на извлеченото ливче (објаснети под 1 и 2), третата група треба да смисли и да објасни што ќе прикаже преку видеоснимка за конкретниот пример.

Секоја група го презентира сработеното пред другите. Само групата што подготвува видеоснимка, „глуми“ во живо како би изгледало тоа што би го снимале за да презентираат информација преку видео. По презентацијата на сработеното во групите, учениците објаснуваат кои се разликите при презентирањето информација преку текст, со слика/фотографија или преку видеоснимка.

# Завршен дел од часот

1 **Активност**

*Презентирање информации (реализација 5 минути)*

Учениците заедно со наставникот разговараат за тоа на кој начин најлесно се информираат/доаѓаат до информации – дали кога читаат текст, гледаат слика/фотографија или  видеосодржини. На тема што ќе им ја зададе наставникот, тие треба да објаснат на кој начин ќе ја претставаат информацијата со цел да ги информираат другите. Неколку ученици ги презентираат своите идеи пред целата паралелка и даваат појаснување зошто го избрале тој начин на презентирање информации.

**Рефлексија**

- Што научивте на денешниот час?
- Како се чувствувавте додека се подготвувавте за презентирање на информациите?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

Час 2

# *Креирање едноставни медиумски содржини*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- Создава медиумска содржина на дадена тема составена од текст и слика, фотографија или од видеоснимка.

**Ресурси за часот:**

- табла (или паметна табла);
- бели листови;
- хамер;
- видеосодржини;
- прибор.

## Воведен дел од часот

1 **Активност**

*Текст и слика, фотографија или видеоснимка (реализација 5 минути)*

Наставникот отвора дискусија за тоа какви медиумски формати се соодветни за различни видови медиумски платформи (на пример, за интернет, за ТВ, за весник/печатен медиум, за радио). По дискусијата, наставникот заклучува дека доколку сакаме да направиме некаква медиумска содржина, треба да знаеме однапред дали може да употребиме текст, слика, видео, аудио итн. (Прилог 1).

## Главен дел од часот

1 **Активност**

*Учениците во улога на новинари создаваат содржини (реализација 25 минути)*

Учениците ги ставаме во улога на новинари што треба да напишат содржина на дадена тема, на пример, видеоигра, детска серија, тема/содржина од предметот Општество, здрава исхрана, вселената и небесните тела (може да го искористат како извор материјалот за учење по природни науки).

Учениците, поделени во групи, избираат една од посочените теми за која треба да креираат медиумска содржина составена од кус текст што самите ќе го смислат, фотографии/илустрации што самите ќе ги подготват или симболи/емотикони што ќе ги изберат. Текстот не треба да биде подолг од 5 реченици, а фотографиите/илустрациите може сами да ги нацртаат/прецртаат/исечат од некој печатен материјал. Секоја група ја подготвува медиумската содржина за презентација на хамер.

## Завршен дел од часот

1 **Активност**

*Презентирање медиумска содржина (реализација 10 минути)*

Подготовка во групите за презентација на сработеното. Пред да се презентира, се разговара за правилата на прикажување на сработеното. Правилото е дека секоја група има 4 минути за презентација. Секоја група добива две пофалби и една забелешка. Секоја група ракоплеска за мотивација на другите.
На крајот, претставник од секоја група презентира почитувајќи ги правилата и критериумите за презентирање.

## Рефлексија

- Што научивте на денешниот час?
- Кој дел најмногу ви се допадна од активностите на часот? Зошто?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

## 1 Прилог

**Примери на медиумски содржини со текст, текст и слика, фотографија или видеоснимка**

Текст и слика: https://fashionel.mk/intervju/majkata-shto-gi-servira-najveselite-chinii-so-zdrava-hrana

Видео: https://www.youtube.com/watch?v=pnFi2HOIes0

Фотографија: https://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2014/05/vegetable_fruits_healthy_foods-wide.jpg